РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Технолошко-технички факултет-Велес
Бр. 05-250/1
23.04. 2013 год.
Велес

Јавно здравствено установа
Општа болница Велес
Бр. 02-372/2
22. 04. 2013 год.
Велес

# ДОГОВОР

## За стручна соработка

Склучен на ден 22.04.2013 година во Велес, помеѓу следните договорни странки :

**ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА Велес, ул. Самоборска бб, Велес, застапувана од директорот Д-р Спец. Атанас Василев , од една страна како дavател на услугата и**

**ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВЕЛЕС, застапуван од ВД Декан Доц.Д-р. Валентина Павлова , од друга страна , како корисник на услугата .**

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ:**

**Член 1**

Предмет на договорот е утврдување на обемот на стручната соработка за изведување вежби на студенти од Технолошко-технички факултет на следните одделенија:

-Интерно одделение- 6 часа
-Хируршки одделенија-6 часа
-Центар за дијабет
-Биохемиска лабораторија
- Интерно одделение
- Спирометрија

**ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА:**

**Член 2**

Давателот на услугата ЈЗУ Општа болница Велес се обврзува да овозможи сопствени простории каде ќе се изведуваат вежбите согласно наставните програми на на Технолошко-технички факултет Велес и истите часови квалитетно да бидат изведени и реализирани согласно наставниот план.

**ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА УСЛУГАТА**

**Член 3**

Корисникот на услугата Техничко-Технолошки факултет Велес се обврзува да обезбеди свое лице професионално соодветно лице кое со студентите ќе ги изведува вежбите.

Студентите потребно е при изведувањето на вежбите да бидат облечени во униформа (бел мантил и кломпи) и да имаат уредни брисеви од нос и грло , во спротивно нема да можат да ги изведуваат вежбите.

Вежбите да се изведуваат со културен и пристоен однос спрема пациентите така и спрема вработените во болницата.

**ОСТАНАТИ ОБВРСКИ**

**Член 4**

Двете договорни странки се согласни истите вежби да се изведуваат без никаков паричен надоместок, освен доколку во текот на вежбите не се увиди дополнителен трошок на болницата кој подоцна би се регулирал со анекс на истиов договор.

Сите меѓусебни недоразбирања договорните страни ќе ги решаваат во духот на традиционалните добра деловна соработка и деловни односи.

Доколку теквите недоразбирања страните не можат меѓусебно да ги решат, надлежен за решавање ќе биде Основен суд Велес.

**Член 5**

Во знак на прифаќање на овој договор, овластените лица истиот своерачно го потпишуваат.

**Член 6**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по два на секоја страна.

| | |
|---|---|
| **Техничко - технолошки факултет Велес** | **ЈЗУ Општа болница Велес** |
| **ВД Декан ,** | **Директор,** |
| **Доц.Д-р Валентина Павлова** | **Д-р.Спец.Атанас Василев** |